РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 09-2306
14. 12 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 46 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20 и 111/23), член 3 став 1 од Одлуката за формирање партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел бр. 08-1577/7 („Службен Гласник на Општина Бутел" бр.11/20), Градоначалникот на Општина Бутел, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за пријавување на членови на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел**

**1. Предмет на јавниот повик**:

Доброволно пријавување на лица за членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел.

Партиципативното тело на Општина Бутел ги претставува сите различни интереси и интересни групи во општината и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

**2. Услови за пријавување**:

Пријава по овој јавен оглас можат да поднесат сите заинтересирани лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.

**3. Документи кои се поднесуваат:**

- Пријава за член на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел (образецот е во прилог на повикот),
- Кратка автобиографија,
- Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци (образецот е во прилог на повикот),
- Изјава за прифаќање на условите по овој повик (образецот е во прилог на повикот).
- Релевантен писмен доказ за исполнување на условите за учество од точка 2 на огласот (копија)

**4. Рок и место на поднесување на пријави:**

Пријавите по јавниот оглас со комплетната документација можат да се поднесат преку пошта на адреса: Општина Бутел, ул.„Бутелска" бр.4 или во архивата на Општина Бутел секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот, **во рок од 30 дена од денот на објавување** на јавниот повик на ВЕБ страната на Општина Бутел.

На пријавата да се наведе: **„Пријава по јавен оглас за членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел“**

**5. Обврски на членовите на партиципативното тело:**

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.

Согласно одредбите на Законот за урбанистичко планирање, членовите на Партиципативното тело не ги следува надоместок за учеството во неговата работа.

**6. Начин на работа:**

Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во Деловникот за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел, што го донесува Советот на Општина Бутел, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

Бр. 09-2306
од 14. 12. 2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Дарко Костовски

Изработил: Дејан Врангалоски
Одобрил: Вене Тасев